Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0401-682/4
11.09 20 26 год.
Радовиш

Врз основа на чл.20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Служ.Весник на РМ бр.27/2014, бр.199/2014 и бр.27/2016), член 37-и од Законот за Јавни претпријатија и чл.22 и 23 од ЗРО и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас под бр. 0202-360/3 од 13.07.2017 година, а во својство на Директор на ЈП „Плаваја " Радовиш, објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2026

## за засновање на работен однос на неопределено време

ЈП Плаваја Радовиш има потреба од пополнување на работни места и вработување на лица на неопределено работно време од групата на даватели на јавни услуги и помошно техничи лица и тоа: 4 (четири) извршители од групата на даватели на јавни услуги и 3 (тројца) извршители од групата на помошно-технички лица или вкупно 7 (седум ) извршители.

**I. Од групата на даватели на јавни услуги ЈП Плаваја Радовиш има потреба од вработување на работници на следните работни места, со следниот број на извршители:**

**(1)** 1 (еден) извршител за работно место **„метач"** во секторот за комунална хигиена, гробиша и зеленило, шифра на работно место КДР 03 05 В02 020, со основна бруто плата 42.809,00 денари

**Посебни услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите за ова работно место:
- најмалку ниво на квалификации I или основно образование,
- со или без работно искуство во струката.

**Други посебни услови**
- физички способен за извршување на задачите

**Работното време ќе се организира зависно од програмата за работа на работодавачот, а во рамките на 40 часовното неделно работно време.**
**Работни часови неделно**: 40.

**(2)** 1 (еден) извршител за работно место **„Возач на специјално тешко возило над 3,5 тона "**, шифра на работно место КДР 03 05 Б03 049, со основна бруто плата 48.245,00 денари

**Посебни услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите за ова работно место:
- најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование,
- минимум 1 година работно искуство во струката во јавен или приватен сектор.

**Други посебни услови**
- возачка дозвола Ц, Д или Е категорија

**Работното време ќе се организира зависно од програмата за работа на работодавачот, а во рамките на 40 часовното неделно работно време.**
**Работни часови неделно**: 40

**(3) )** 1 (еден) извршител за работно место **„раководител на одделение за гробишта "**, шифра на работно место КДР 03 05 А03 020, со основна бруто плата 72.707,00 денари

**Посебни услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите за ова работно место:
- најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
-вид на образование : ВСС

**Работно искуство :** за нивото А3 се потребни најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една години на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

**Распоред на работното време**
**Работно време од понеделник до петок**
**Работни часови неделно**: 40

**(4)** 1 (еден) извршител за работно место **„Водоинсталатор "**, шифра на работно место КДР 03 05 В01 004, со основна бруто плата 48.924,00 денари

**Посебни услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите за ова работно место:
- најмалку ниво на квалификации I или основно образование,
- најмалку 1 година работно искуство

**Распоред на работното време**
**Работното време ќе се организира зависно од програмата за работа на работодавачот, а во рамките на 40 часовното неделно работно време.**
**Работни часови неделно**: 40

**II. Од групата на помошно-технички лица ЈП Плаваја Радовиш има потреба од вработување на работници на следните работни места, со следниот број на извршители:**

**(1)** 1 (еден) извршител за работно место „**Чувар-работник на депонија за комунален отпад**", шифра на работно место КДР 04 02 А03 003, со основна бруто плата 42.809,00 денари
**Посебни услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите за ова работно место:
- најмалку ниво на квалификации I или основно образование,
- со или без работно искуство во струката

**Распоред на работното време**
**Работното време ќе се организира зависно од програмата за работа на работодавачот, а во рамките на 40 часовното неделно работно време.**
**Работни часови неделно**: 40
**(2)** 1 (еден) извршител за работно место „**Општ работник** " во одделението за водовод, шифра на работно место КДР 04 01 А03 012, со основна бруто плата 42.809,00 денари
**Посебни услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите за ова работно место:
- најмалку ниво на квалификации I или основно образование,
- со или без работно искуство во струката
**Распоред на работното време**
**Работното време ќе се организира зависно од програмата за работа на работодавачот, а во рамките на 40 часовното неделно работно време.**
**Работни часови неделно**: 40

**(3)** 1 (еден) извршител за работно место „**Општ работник** " во одделението за канализација, шифра на работно место КДР 04 01 А03 012, со основна бруто плата 42.809,00 денари

**Посебни услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите за ова работно место:
- најмалку ниво на квалификации I или основно образование,
- со или без работно искуство во струката

**Распоред на работното време**
**Работното време ќе се организира зависно од програмата за работа на работодавачот, а во рамките на 40 часовното неделно работно време.**
**Работни часови неделно**: 40

**III**. Огласот се објавува поради зголемениот обем на работа во ЈП „Плаваја " Радовиш и поради испразнети работни места по различни основи.
**Сите кандидати (и од групата на даватели на јавни услуги и од групата на помошно-технички лица)** треба да ги исполнуваат следните **општи услови:**
- Да е државјанин на Р.С Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место,
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, должност или дејност.

**IV. Сите кандидати (и од групата на даватели на јавни услуги и од групата на помошно-технички лица)** треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена кај нотар:
- Уверение за државјанство,
- Извод од матична книга на родени,
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Лекарско уверение за општа здравствена способност,
- Диплома за завршено соодветно образование,
- Потврда за работно искуство доколку се бара ,
- Пополнета пријава која можат да ја подигнат од архивата на ЈП Плаваја Радовиш или да ја симнат од веб страницата на ЈП Плаваја Радовиш www.plavaja.com.mk
- Кандидатите може да достават и други уверенија и документи за стекнати познавања за странски јазик, компјутерски вештини, препораки и слично.

Постапката за селекција за вработување се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази и интервју.

Огласот трае 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот на огласната табла на претпријатието и во дневниот печат-во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Кандидатите пријавите со сите потребни документи да ги достават на адреса:
ЈП Плаваја Радовиш, Ул.„Свети Спасо Радовишки" бр.32 Радовиш, лично во архивата или преку пошта.
Ненавремените и некомплетно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

**ЈП „Плаваја" Радовиш**
**Директор**
**Лолита Арсова**